# Овие двајца се казнуваат, но не за нешто големо. Едниот се казнува затоа што не се заштитил при уринирање, а другиот се казнува затоа што пренесуваше туѓи зборови

Од Ибн Абас, радијаллаху анху, се пренесува: „Алаховиот Пратеник, алејхи селам, еднаш помина покрај два гроба и рече: ‚Овие двајца се казнуваат, но не за нешто големо. Едниот се казнува затоа што не се заштитил при уринирање, а другиот се казнува затоа што пренесуваше туѓи зборови.‘ Потоа зеде свежа палмова гранка, ја преполови и ја заболе во двата гроба по една половина. Асахабите го прашаа: ‚О, Аллахов пратенику, зошто го направи тоа?‘ Тој одговори: ‚Додека да се исушат ќе им се намали казнувањето.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, поминал покрај два гроба и рекол: Навистина овие двајца во гробот се казнуваат; но казната не е за некој голем грев според вашето резонирање, но кај Аллах тие се сметаат за големи. Едниот од нив не се грижел да го заштити своето тело и облеката од нечистотијата на урината додека ја извршувал физиолошката потреба, а вториот ги пренесувал зборовите на луѓето, па така ќе пренесуваше зборови од други со цел да направи штета помеѓу нив, и за да се случи недоразбирање или некој инцидент помеѓу луѓето.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3010